# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**2756.**

Врз основа на член 116 став 6 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), министерот за здравство донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на запишување во регистарот на здравствените работници (во натамошниот текст: Регистар).

Член 2

Регистарот се води во електронска форма, на начин со кој се обезбедува заштита на личните податоци, согласно прописите од областа на заштитата на личните податоци.

Член 3

Запишувањето на податоците во Регистарот се врши континуирано.

Податоците во Регистарот се заштитени од неовластени измени согласно принципите на електронска заштита на податоци.

Член 4

Од страна на Лекарската, Стоматолошката и Фармацевтската комора и коморите во кои се здружуваат здравствените работници со средно, вишо и високо стручно образование од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата (во натамошниот текст: комората), податоците за здравствените работници се запишуваат во Регистарот согласно податоците од службената евиденција што ја водат во рамките и врз основа на доделените јавни овластувања за извршување на задачите на комора.

Член 5

Запишувањето на податоците од член 4 од овој правилник се врши истовремено со завршувањето на авторизираното внесување на податоците во електронската службена евиденција на комората, преку интероперабилен трансфер на податоците до соодветните рубрики во Регистарот.

За секој запишан податок извршен на начинот од ставот 1 на овој член, во Регистарот се генерира запис за времето кога е извршен трансферот на податокот и за комората од која е преземен.

Член 6

По исклучок од член 5 од овој правилник, ако службената евиденција се води во хартиена форма или ако не може да се обезбеди интероперабилен трансфер на податоците, запишувањето на податоците во Регистарот се врши од страна на службено лице овластено од соодветната комора за запишување на податоците во Регистарот, со единствено корисничко име и лозинка што овозможуваат целосен пристап до рубриките од Регистарот во кои се запишуваат податоците од член 4 од овој правилник.

Запишувањето на податоците на начинот од ставот 1 на овој член се врши без одложување, а најдоцна три часа по запишувањето на податоците во службената евиденција на комората.

Член 7

Запишувањето на податоците за вработувањето и стручниот, односно научниот назив на здравствените работници се врши од страна на службеното лице од Институтот за јавно здравје на Република Македонија, овластено за запишување на податоците во Регистарот, со единствено корисничко име и лозинка што овозможуваат целосен пристап до рубриките од Регистарот во кои се запишуваат тие податоци.

Запишувањето на податоците на начинот од ставот 1 на овој член се врши најдоцна следниот работен ден од денот на утврдувањето дека во предлогот на здравствената установа на јасен и неспорен начин се содржани податоците што се предмет на запишување.

Член 8

Секое запишување податоци во Регистарот од член 6 и 7 од овој правилник се потпишува со електронски потпис од страна на овластеното службено лице, кое ги координира сите активности потребни за гаранција на веродостојноста на податоците, заштита од неавторизиран пристап и промена на податоците и заштита од губење на податоците.

Член 9

Запишувањето на податокот за бројот на факсимилот на здравствените работници - доктори на медицина, доктори на стоматологија и фармацевти со завршено високо образование или со завршени академски интегрирани студии со 300, односно 360 ЕКТС од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата, кои вршат дејност во мрежата на здравствени установи, се врши истовремено со завршувањето на авторизираното внесување на тој податок во базата на податоци од интегрираниот здравствен информатички систем, преку интероперабилен трансфер на податоците до соодветната рубрика во Регистарот.

Член 10

Во еден електронски запис можат да се запишат податоци само за еден здравствен работник.

Во случај на погрешно запишување на податоци во Регистарот, исправката се врши со запишување на податоците во нов електронски запис, со точно определена целосна врска со електронскиот запис кој се исправа.

Член 11

Во Регистарот се запишува и секој нов податок и/или секоја натамошна промена во податоците на здравствениот работник.

За секоја промена на податоците во Регистарот се врши дополнување на податоците во постојниот електронски запис.

Член 12

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-5139/1
7 јуни 2016 година
Скопје

Министер,
**Никола Тодоров**, с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**2757.**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 2 и член 20 став 1 алинеји 1 и 10, а во врска со член 71 став 1 алинеји 17 и 18 и член 75 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 15 став 1 алинеја 2, член 39 став 1 алинеја 10 и член 51 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.8.2014 година, по спроведувањето на Јавниот конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, објавен врз основа на Одлуката на Агенцијата за објавување на јавен конкурс, УП1 бр.08-32 од 5.2.2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/16), во врска со поднесената Пријава (арх.бр.08-279 од 27.4.2016 година) од страна на физичкото лице Илкер Јусуф од Гостивар, а согласно Извештајот за оценување на пријавата (арх.бр.08-279 од 8.6.2016 година) и Заклучокот бр.02-3116/3 од 10.6.2016 година, на својата 22-ра седница одржана на 10.6.2016 година, ја донесе следната

### О Д Л У К А
### ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАДИО ЕМИТУВАЊЕ НА ПРОГРАМСКИ СЕРВИС, МУЗИЧКО-ГОВОРНО РАДИО ОД ОПШТ ФОРМАТ, НА ЛОКАЛНО НИВО, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГОСТИВАР

1. Се доделува дозвола за радио емитување на програмски сервис, музичко-говорно радио од општ формат, на македонски, албански и турски јазик, на локално ниво, на подрачјето на Општина Гостивар, на кандидатот Илкер Јусуф, од Гостивар.

Радио програмскиот сервис од став 1 на оваа точка ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија, и тоа: 94.8 MHz.

2. Дозволата за радио емитување на локално ниво, наведена во точка 1 на оваа Одлука, се доделува за временски период од 9 (девет) години и истата не може да се пренесува на друго лице.

3. По приемот на оваа Одлука за доделување дозвола, лицето Илкер Јусуф од Гостивар, на кое му е доделена дозволата од точка 1 на оваа Одлука, треба да регистрира трговско радиодифузно друштво во соодветниот регистар, согласно член 77 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Трговското радиодифузно друштво кое ќе биде основано од лицето Илкер Јусуф од Гостивар на кое му е доделена дозволата од точка 1 на оваа Одлука, ќе плаќа годишен надоместок на сметка на Агенцијата, за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата. Начинот на пресметка, фактурирање и наплата на надоместокот за дозволата ги утврдува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 80 од напред цитираниот Закон и согласно Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.185/14), Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите („Службен весник на Република Македонија“ бр.172/14) и Правилникот за подрачјата на емитување на телевизиски и радио програми („Службен весник на Република Македонија“ бр.172/14).

4. Агенцијата за електронски комуникации врз основа на дозволата за радио емитување со користење на радиофреквенции издава одобрение за користење на радиофреквенции согласно со Законот за електронските комуникации.

За користење на радиофреквенциите, се плаќа годишен надоместок на сметка на Агенцијата за електронски комуникации за секоја тековна година однапред почнувајќи од датумот на важењето на одобрението за користење радиофреквенции.

5. Трговското радиодифузно друштво кое ќе биде основано од лицето Илкер Јусуф од Гостивар, на кое му е доделена дозволата од точка 1 на оваа Одлука, се обврзува да започне со вршење на дејноста најдоцна до 1 септември 2016 година.

Во случај на непочитување на рокот за започнување со вршење на дејноста наведен во став 1 на оваа точка од Одлуката, Агенцијата ќе ја одземе доделената дозвола пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери.